ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 27-235/9**
**Дата: 04.12.2013**

**ДО**
**ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА**
**УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА РАДИОТЕРАПИЈА И ОНКОЛОГИЈА**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

**Резиме**

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија Скопје (во натамошниот текст Универзитетска клиника) на сметка за средства од сопствени приходи во кои се вклучени и средствата од програмите за здравствена заштита.
Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Универзитетска клиника за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

Изразено е мислење без резерва во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба во финансиските извештаи за 2012 година и мислење без резерва за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Универзитетска клиника има ненаплатени побарувања од Министерството за здравство за извршени здравствени услуги по Програми за здравствена заштита во износ од 94.718 илјади денари. Со ревизијата е констатирано дека фактурирани се само првите прегледи на пациентите, а не сите прегледи согласно програмата, со што Универзитетската клиника има искажано помалку побарувања од Министерството за здравство во износ од 66.162 илјади денари. Врз основа на изнесеното, вкупните извршени здравствени услуги кои требало да бидат надоместени од Министерството за здравство согласно програмата за здравствена заштита изнесуваат 160.880 илјади денари.

Од страна на одговорното лице не се добиени забелешки во законскиот рок на констатациите од Нацрт извештајот.

*Ревизорски тим* *Овластен државен ревизор*

____________________ ____________________
____________________
____________________

## Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи прикажани на страна 7 и 8 заедно со ревизија на усогласеност на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника на сметка од сопствени приходи во кои се вклучени и средствата од програмите за здравствена заштита кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Универзитетска клиника за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на Универзитетска клиника застапувана од:

- Спец.Др. Милан Ристески, в.д. директор на Универзитетска клиника од 24.02.2012 год.
- Д-р Симонида Црвенкова – медицински директор од 29.12.2010 година - 24.02.2012 година
- Анета Костова – дипл. правник – финансиски директор од 29.12.2010 година - 24.02.2012 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани

во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Универзитетска клиника се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување

за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки на добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

2.4. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 30.06.2013 до 30.09.2013 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Универзитетска клиника на ден 02.10. 2013 година.

Од страна на одговорното лице не се добиени забелешки во законскиот рок на констатациите од Нацрт извештајот.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно во сите материјални аспекти финансиската состојба на Универзитетска клиника на ден 31.12.2012 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони прописи**

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи на Универзитетска клиника, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Системски слабости

Владата на Република Македонија согласно Законот за здравствена заштита секоја година донесува и објавува Програми за здравствена заштита со кои се утврдуваат мерки, задачи и активности, содржина, обем и рокови за нивно извршување како и финансиски средства за остварување на ниво на програма и тоа за осигурени и неосигурени лица. Министерството за здравство извршило распределба на средствата на јавните здравствени установи по Програми и надзор на спроведување на истите врз основа на доставени фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во Програмата, во обем на одобрените средства од Буџетот на Република Македонија за тековната година.

Во отсуство на пишани критериуми и утврдена постапка за распределба на финансиските средства по програми, истите се одобруваат во вкупен износ на ниво на сите јавни здравствени установи.

Ваквата состојба оневозможува:

- транспарентна распределба на средствата на поединечните јавни здравствени установи;
- сообразување на преземените активности и одобрените средства по програми поради што наплатата на побарувањата по наведените основи од Министерство за здравство не може да се изврши во целост;
- остварување на целите по програми.

На ден 31.12.2012 година Клиниката има ненаплатени побарувања од Министерството за здравство за извршени здравствени услуги по програми за здравствена заштита во износ од 94.718 илјади денари.

## 6. Нагласување на прашања на неизвесност и континуитет

Во текот на 2012 година по основ на партиципација по програмите Клиниката спрема Министерството за здравство фактурирала само за прв преглед во износ од 6.294 илјади, а наплатила 2.944 илјади денари. Доколку се фактурира

вкупно пресметаната партиципација по програмите (не само за прв преглед во една календарска година) побарувањата би биле во износ од 66.162 илјади денари. Ако на овој износ би го додале претходно наведеното побарување за извршените здравствени услуги по програми, тогаш вкупните побарувања од Министерството за здравство би изнесувале 160.880 илјади денари.

Имено, почнувајќи со реализација на програмите од 2011 година Клиниката фактурира:

- само партиципација за прв/еден преглед во една календарска година, што не е во согласност со донесените програми со кои не е дефинирано за кои прегледи се обезбедени средствата за партиципација за осигурени лица,
- во зависност од вредноста на извршените здравствени услуги а максимум до 2,7 илјади денари партиципација, што не е во согласност со донесените програми. Имено, за извршените здравствени услуги за кои партиципацијата е под 2,7 илјади денари се користат утврдените износи во Одлуката за утврдување на учество на осигурените лица во вкупните трошоци на услугата донесена од Фондот за здравствено осигурување, а за оние услуги за кои партиципацијата е над 2,7 илјади денари истата не се користи.

**ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија**
**Средства од сопствена сметка**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 година**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **2012** | **2011** |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 32,607 | 30,932 |
| Трансфери и донации | 4,444 | 15 |
| **Вкупно приходи** | **37,051** | **30,947** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 31,189 | 28,001 |
| **Вкупно тековни расходи** | **31,189** | **28,001** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 3,778 | 1,446 |
| **Вкупно капитални расходи** | **3,778** | **1,446** |
| **Вкупно расходи** | **34,967** | **29,447** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **2,084** | **1,500** |
| **Вишок на приходи над расходи** | **2,084** | **1,500** |

**ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија**

**Средства од сопствена сметка**

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

| | | **во 000 денари** |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2012** | **2011** |
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 2,083 | 1,500 |
| Побарувања | 107,280 | 104,811 |
| Финансиски и пресметковни односи | 66,162 | 22,048 |
| Побарувања од државата и други институции | 541 | 543 |
| Активни временски разграничувања | 12,187 | 8,488 |
| **Вкупно тековни средства** | **188,253** | **137,390** |
| **Вкупна актива** | **188,253** | **137,390** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 8,921 | 4,905 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 3,266 | 3,582 |
| Пасивни временски разграничувања | 176,066 | 128,903 |
| **Вкупно тековни обврски** | **188,253** | **137,390** |
| **Вкупна пасива** | **188,253** | **137,390** |